| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **АНТИ-ДИСКРИМИНАЦИСКО ПРАВО** | | | | |
| 2. | **Код** | | | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Постдипломски курс Деловно право – модул Б | | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор | | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | Втора година, трет семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 (шест) | |
| 8. | **Наставник** | **Проф.Д-р.Тодор Каламатиев** (раководител на предметната програма и предметен наставник)<br>**Доц.Д-р. Лазар Јовевски** (предметен наставник)<br>**Доц.Д-р.Александар Ристовски** (предметен наставник) | | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | нема | | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | | |
| | Изучувањето на предметната програма Анти – дискриминациско право на студентите ќе им овозможи:<br>- запознавање со поимот и научната дисциплина „анти-дискриминациско право”<br>- утврдување на основите за заштита од дискриминација<br>- запознавање со меѓународната димензија на антидискриминациските прописи (ООН и МОТ) и регионалните организации (Европската Унија и Советот на Европа)<br>- запознавање на студентите со националната димензија на антидискриминациските прописи (Устав на Република Македонија, Закон за спречување и заштита од дискриминација, Закон за еднакви можности на жените и мажите, Закон за работни односи и други закони кои предвидуваат антидискриминациски прописи)<br>- запознавање со улогата на социјалните партнери (синдикатите и здруженијата на работодавачите) во борбата против дискриминацијата<br>- запознавање со улогата на институциите на системот во промоцијата на еднаквост на можностите и забраната на дискриминација<br>- утврдување на поимите директна и индиректна дискриминација<br>- утврдување на поимите вознемирување и полово вознемирување<br>- утврдување на исклучоците од дискриминација и позитивната дискриминација<br>- утврдување на поимот Мобинг и облиците во кои се појавува | | | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | - упознавање на студентите со судската постапка за заштита од дискриминација и мобинг | |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** | |
| | Предметната програма „Анти-дискриминациско право” претставува мултидимензионална правна област која ги интегрира мерките и политиките насочени кон воспоставување еднаквост и рамноправност и забрана на дискриминацијата на луѓето по различни основи. Анти-дискриминациското право ги опфаќа правните прописи со кои се регулира правото на луѓето на еднаков третман. Заштитата на граѓаните од дискриминација претставува една од најголемите вредности на современото општество. Од појавата на организираното општество до денес, сеуште не постои заедница која се темели на потполна хармонија и заедничка свест на сите нејзини членови. Општествениот мир и функционалноста на институциите на системот е производ на рамнотежата на различните интереси на поединците.<br>Основа на заштита на Анти-дискриминациското право претставува човекот, односно граѓанинот во различни сфери на општественото живеење. Анти-дискриминациското законодавство е насочено кон промовирање еднаквост и заштита од дискриминација на луѓето во: работата и работните односи; образованието, науката и спортот; социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјалната заштита, пензиското и инвалидското осигурување, здравственото осигурување и здравствената заштита; правосудството и управата; домувањето; јавното информирање и медиумите; пристапот до добра и услуги; членувањето и дејствувањето во синдикални организации, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство; културата и други области определени со закон.<br>Дискриминацијата во полето на работата и работните односи, претставува најексплоатирана област на проучување на анти-дискриминациското право. Причините поради кои се појавува дискриминација во работните односи, може да се класифицираат на: економски причини, причини поради отсуство на култура за толеранција и причини за антисиндикална дискриминација. Анти-дискриминациското законодавство во областа на работните односи ја опфаќа заштитата на работниците во сите фази од работниот однос, а тоа се: засновањето на работниот однос, правата и обврските во текот на работата и престанокот на работниот однос. Анти-дискриминациското законодавство во областа на работните односи ја опфаќа и проблематиката на еднакво плаќање на мажите и жените.<br>Покрај суштествената поврзаност на анти-дискриминациското право со трудовото право и проблематиката на работните односи, оваа научна област има допирни точки и со други правни дисциплини како што се: кривичното право, граѓанското право, социологијата на правото итн. Таа поврзаност се идентификува преку кривично-правната заштита на различни облици на дискриминациско однесување, надоместокот на штета во случај на дискриминација, товарот на докажување во случај на правен спор и слично. | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Реализацијата на наставата ќе опфаќа употреба на современа техника на предавања (интерактивни предавања, анализа на случаи, вежби и презентации, гости и посета на институции). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 150 часа | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 0 |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | - Задолжителен завршен писмен тест или усмен испит по завршување на наставата.<br>- Студентите на завршниот испит ќе можат да освојат максимум **70 поени.**<br>- Студентите не полагаат влезен колоквиум.<br><br>Во финалната оцена се засметуваат поените остварени од завршниот испит и поените остварени од научно-истражувачка работа и активност<br>Финалната оцена не може да надмине 100 поени | |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | - Студентите имаат можност да изработат научно-истражувачки труд преку кој можат да освојат **најмногу 20 поени**.<br>- Темата на научно-истражувачката работа се определува во взаемен договор помеѓу наставникот и студентот.<br>- Остварените поени од научно-истражувачката работа ќе бидат дел од финалната оцена. | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | 17.3 | **Активност и учество** | | | - Студентите имаат можност да остваруваат **најмногу 10 поени** од активност при што остварените поени ќе бидат дел од финалната оцена.<br>- Начинот на спроведување на активноста е во зависност од потребите на групата и наставната единица предвидена во Силабусот на предметот | |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | | | до 51 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | | | Согласно интерните акти на факултетот | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | | | Македонскијазик | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | | | Евалуација и самоевалуација | | |
| **22.** | **Литература** | | | | | |
| | 22.1 | **Задолжителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Л.Јовевски, Ж.Поповска | Анти – дискриминациско право | ОБСЕ | 2017 |
| | | **2.** | Evelyn Elis and Philippa Watson | EU Anti-discrimination Law | Oxford University Press | *2012* |
| | | **3.** | | Закони од областа на спречување и заштита | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | од дискриминација во РМ | | |
| | 22.2 | **Дополнителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | **1.** | Bell. Mark | Anti-Discrimination Law and the European Union | Oxford Publishing | 2002 |
| | | **2.** | Koppelman Andrew | Anti-discrimination Law and Social Equality | Yale University Press | 1996 |
| | | **3.** | | | | |